Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот

Скопје поднесено на 13.12.2023 година, имателот на информацијата Министерство за економија го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од 1000 Скопје по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: „
Зошто и покрај тоа што планските документи кои се донесуваат на територијата на РС Македонија треба да бидат објавени на официјалниот службен јазик-македонски, Инвестицискиот план за забрзана транзиција од јаглен кој ќе биде презентиран пред јавноста е на англиски јазик“.

Се УВАЖУВА целосно.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од

1000 Скопје имателот на информацијата Министерство за економија

**ВО СЛУЧАЈ НА УВАЖУВАЊЕ**

Ви ја доставува информацијата:

Инвестицискиот план за забрзана транзиција од јаглен е сеопфатен документ кој вклучува многу области на анализа и истражување за кои беше потребно да се ангажираат меѓународни и домашни експерти со искуство на спецификите карактеристични за инволвираните сектори. Планот е структуриран како рамка согласно барањата и инструкциите добиени од Климатскиот инвестициски фонд и првичната верзија беше направена на англиски јазик со цел да добиеме мислење и од мултилатералните банки кои истовремено и го помагаа процесот на изработка, а и извештаите за состојбите во соодветниот опфат на задачите од консултантите кои беа исто на англиски јазик. Првичната верзија беше објавена на англиски јазик но во рок од осум дена, односно на 15.12.2023 планот беше и преведен и објавен на страната на Министерството за економија.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерство за економија на 22.12.2023 година, под бр. 15-4627/2.

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Верица Поп Ѓорчева, Виш соработник